СВЕТСКИ ДЕН НА АКРЕДИТАЦИЈАТА

АКРЕДИТАЦИЈА

Одржливост на економскиот раст и животната средина

#WAD2022

Светската економија во голема мера се потпира на природните ресурси од здравите екосистеми, но, сепак, и понатаму продолжуваме да вршиме огромен притисок врз нив, при што ресурсите ги трошиме со алармантна брзина. Прегледот на глобалните ресурси на животната средина на Обединетите нации од 2019 година покажа дека црпењето и обработката на ресурсите биле причина за 90% од загубите на биодиверзитетот и притисокот врз водите, што придонело за приближно 50% од вкупните емисии на стакленички гасови. Од суштинско знаење за долгорочниот економски раст е да се направи значителен премин кон поодржливи форми на производство што не ги трошат ресурсите со толкав интензитет и имаат за цел да ги ублажат климатските промени и да го отстранат јаглеродот, истовремено фокусирајќи се на политиките за заштита на биодиверзитетот.

„Економскиот раст за сметка на нашата планета воопшто не е одржлив. Нашиот предизвик е да ги задоволиме потребите на сите луѓе во рамките на можностите на нашата планета. Остварувањето на оваа амбициозна, но критична визија ги повикува властите, деловните субјекти, граѓанското општество и луѓето да го преиспитаат значењето на поимот напредок и да воведат иновации за промена на изборот, животниот стил и однесувањето на луѓето.“

— Џојс Мсуа, вршител на должноста извршен директор, Програма за животна средина на Обединетите Нации.

Акредитацијата, заедно со другите алатки за инфраструктура за квалитет како метрологија, стандардизација, оцена на сообразност и надзор на пазарот, може да го поддржи ваквиот премин. Услугите за оцена на сообразност од трети лица (тестирање, инспекција, сертификација, валидација и верификација) обезбедуваат усогласеност на производите, услугите и системите со утврдените или предложените барања. Акредитацијата на тело за оцена на сообразност дава сигурност дека неговите резултати се сигурни и веродостојни. По пат на верификација на усогласеноста со стандардите, акредитацијата ги штити потрошувачите и ги отстранува техничките и економските пречки за трговијата, при што овозможува глобално ширење на производите и услугите.

Потписниците на Договорот за мултилатерално признавање (MLA) на IAF и Договорот за меѓусебно признавање (MRA) на ILAC заемно ги признаваат акредитациите со цел „Акредитирани еднаш, прифатени насекаде“. Под капата на MRA на ILAC и MLA на IAF, услугите на акредитација и акредитираните услуги на оцена на сообразност даваат суштински придонес кон спроведувањето на политиките и активностите за заштита на планетата.

Акредитираната оцена на сообразност може да ја поддржи заштитата на животната средина со тоа што ќе потврди дека нивоата на CO_2 се во согласност со утврдените граници; дека емисиите од индустријата се во рамките на прифатливиот опсег; и дека следењето на органската храна е овозможено. Лабораториите акредитирани од Полскиот центар за акредитација (PCA) тестираат примероци од почви и земја за идентификација на загадувачи, што помага при носењето одлуки за употреба на земјиштето, регенерација и закрепнување на почвата, додека Организациониот комитет од Пекинг за Зимските олимписки игри во 2022 година, во обид да се постигне јаглеродна неутралност, користеше систем за управување со одржливоста сертифициран од тело за сертификација акредитирано од Кинеската национална служба за акредитација (CNAS).

АКРЕДИТАЦИЈА: ПАТ КОН ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРЕКУ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСОГЛАСЕНОСТ СО СТАНДАРДИТЕ

Една од главните закани со кои се соочува планетата денес е загубата на биодиверзитетот, при што најголем дел од научниците се согласуваат дека видовите исчезнуваат многу побрзо од природната стапка на истребување. Програмата за животна средина на Обединетите нации наведува четири главни причини за загубата на биодиверзитетот: загадување, губење природни живеалишта, климатски промени и прекумерно искористување на ресурсите.

Користењето стандарди може да им помогне на организациите да усвојат поповолни еколошки практики, при што акредитираната оцена на сообразност пружа сигурност дека организациите ги задоволуваат барањата и ги остваруваат своите заложби. Во глобални рамки, носителите на шеми развиле различни шеми за оцена на сообразност при што телата за акредитација доделуваат акредитација за да се обезбеди усогласеност со параметрите поврзани со животната средина. Во рамките на секоја економија, и регулаторите развиваат слични шеми. Телата за акредитација, регулаторите, другите носители на шеми и телата за оцена на сообразност заедно придонесуваат за ваквиот екосистем на одржливост.

Загадувањето на воздухот, водата и почвата има значително негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. Загадувањето може да има широк спектар на дејства врз животната средина, вклучувајќи закиселување на водата и почвата, оштетување на културите, климатски промени, намалена фотосинтеза, зголемена токсичност во синџирот на исхрана, штетно цветање на алгите, феминизација на рибите, губење видови и друго. *Системите за менаџмент на животна средина – Барања со упатства за користење* на ISO 14001 бараат од организациите да ги разгледаат сите прашања поврзани со животната средина значајни за нивните операции, вклучувајќи загадување, ублажување и прилагодување на климатските промени и користење и ефикасност на ресурсите. Употребата на систем за управување со животната средина може да им помогне на организациите да ја подобрат својата успешност во однос на животната средина, да се усогласат со прописите и да ги намалат трошоците преку резултати како што се намалено користење вода и енергија.

За да го ублажи влијанието на холандското земјоделство врз животната средина, Холандската влада спроведе доброволна шема за сертификација на обележување на квалитет „На патот кон заштита на планетата“ во 2018 година. Шемата е наменета за прехранбени производи и цвеќарство за домашна и надворешна трговија. Обележените производи треба да исполнат над 100 барања од областа на енергетика и клима, производство на култури, почва, ѓубрива, добросостојба и здравје на животните, пејзаж и биодиверзитет, отпад и користење материјали и вода. Ова брзорастечко обележување на одржливост забележа раст од околу 300 земјоделци, лица што се занимаваат во хортикултура и други деловни субјекти сер-

тифицирани во 2017 година до над 2.800 деловни субјекти што се вклучија во програмата во 2021 година. Како што потрошувачите стануваат сè посвесни за еколошките предизвици, одржливоста на производите станува фактор на диференцијација, со тоа што поодржливите производи добиваат конкурентска предност. „На патот кон заштита на планетата“ ги уверува добавувачите и потрошувачите дека земјоделците, лицата што се занимаваат со хортикултура и деловните субјекти работат одржливо, што оди во прилог на деловните субјекти и националната економија.

Над 1,6 милиони луѓе зависат од шумите за да преживеат, но, сепак, од 2015 до 2020 година, секоја година 10 милиони хектари шуми ширум светот се пренаменуваа за друга употреба. Малезија се бори со обесшумувањето во индустријата на палмино масло со Шемата за сертификација на малезиско одржливо палмино масло (МСПО), во сопственост на Советот за сертификација на малезиско палмино масло. Шемата на МСПО е национална малезиска шема заснована на домашното законодавство и ратификуваните меѓународни конвенции. За да се обезбеди ефективно спроведување на напорите за одржливост на национално ниво, шемата на МСПО стана задолжителна на почетокот на 2020 година и работи под програмата за акредитација на Министерството за стандарди на Малезија. Освен решавањето на проблемот со обесшумување, шемата на МСПО ѝ помага на малезиската економија со тоа што ги уверува потрошувачите дека палминото масло е произведено на еколошки и социјално одговорен начин.

Климатската криза е едно од најгорливите прашања со кои се соочува човештвото денес. Во Јапонија, мерењето на издувните гасови од горилниците на отпад, вклучувајќи ги концентрациите на јаглерод моноксид и кислород, строго се следи со гасни анализатори. Според Актот за мерење и прирачникот на Министерството за животна средина, гасните анализатори треба периодично да се калибрираат со помош на сертифицирани стандардни гасови за да се обезбеди метролошка следливост. Стандардните гасови ги обезбедуваат акредитирани производители на референтен материјал според „Системот за калибрациски услуги на Јапонија“, (ЈЦСС). Бидејќи овие гасови се следливи до националните мерни стандарди, се добиваат прилично точни резултати. Стандардните гасови на ЈЦСС што се доставуваат до акредитираните лаборатории придонесуваат за сигурни резултати од мерењата, и помагаат при управување со атмосферата за климатски промени (ЦОР 13).

Предизвиците со кои се соочува животната средина, а оттука и светската економија, се многубројни. Сепак, стандардите и акредитираната оцена на сообразност може да помогнат за намалување на човечкото влијание врз животната средина како што се стремиме кон остварување на Целите на одржлив развој.

Во анкетата на потписниците на MLA на IAF и MRA на ILAC, испитаниците укажаа дека ги имаат акредитирано бројките на ТОС* дадени подолу кои работат или давале услуги на секторите за животна средина/одржливост во 2021 година, во рамките на соодветните MLA на IAF и MRA на ILAC опсези.



***Бројките се приближни.**

АКРЕДИТАЦИЈА И ОДРЖЛИВОСТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Низа стандарди и шеми може да придонесат за насочување на деловните субјекти, индустријата и регулаторите во спроведувањето поволни еколошки политики. Во согласност со овие стандарди, акредитираната оцена на сообразноста гарантира нивна стручна и доследна примена.

Акредитирани лаборатории што го применуваат ISO 17025 и се занимаваат со тестирање и калибрација го потпомагаат мерењето на загадувањето преку анализа на квалитетот на водите, воздухот, почвата, нивото на бучава и отпадот и помагаат во намалување на емисиите преку анализа на енергетската ефикасност

ТЕСТИРАЊЕ И КАЛИБРАЦИЈА

Акредитацијата според ISO/IEC 17029 ги поддржува стандардите како што се ISO 14064-1 и 14064-2 (GHG), ISO 14067 (траги на јаглерод на производи), ISO 14046 (отпечаток од вода) и приватни шеми како што се VERRA и CORSIA.

ВАЛИДАЦИЈА И ВЕРИФИКАЦИЈА

Активностите на акредитираната сертификација имаат клучна улога во унапредување на одржливите практики и животната средина. Такви се следниве:

- Сертификација на системи за управување според ISO/IEC 17021-1, како што се: ISO 14001 (EMS), ISO 50001 (EnMS), ISO 46001 (WEMS), PEFC Управување со шуми.
- Сертификација на производи според шемите на ISO/IEC 17065 како што се: GOTS, Текстилна размена, органски шеми, GLOBAL-G.A.P., пријател на морето, PEFC синџир на поседување, стандард за доверба во јаглерод, еколошко етикетирање и стандард за зелено градење.
- Сертификација на лица со помош на ISO/IEC 17024 како што се: стручни лица во областа на животната средина, лица кои се занимаваат со еколошко етикетирање и енергетски ревизори.

СЕРТИФИКАЦИЈА

Акредитацијата според ISO/IEC 17043 гарантира компетентност на провајдерите на шеми за тестирање на оспособеноста (ТО) вклучени во воспоставувањето и спроведувањето програми за ТО во области поврзани со животната средина како што се вода и почва.

СУБЈЕКТИ ЗА СТРУЧНО ТЕСТИРАЊЕ

Акредитацијата според ISO 17034 ја потврдува компетентноста на производителите на референти материјали (РМ) вклучени во производството на РМ што се користи при тестирање и инспекции за следење на параметрите во областа на животната средина.

ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА РЕФЕРЕНТНИ МАТЕРИЈАЛИ

Акредитацијата гарантира доверба во капацитетите за биобанкинг каде што се чуваат биолошки примероци од луѓе, животни, микроорганизми, растенија и габи со примена на ISO 20387.

БИОБАНКИ

Инспекциските тела се акредитирани според ISO/IEC 17020 за активности како што се испитувања на квалитетот на амбиенталниот воздух и издувни гасови од возилата за следење на безбедноста и поддршка на животната средина

ИНСПЕКЦИЈА

ПРИДОНЕСОТ НА АКРЕДИТАЦИЈАТА КОН БОРБАТА ПРОТИВ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Климатските промени се закана како за животната средина така и за светската економија. Повисоките температури, зголемувањето на морското ниво и екстремните временски услови може да ѝ наштетат на инфраструктурата, да влијаат врз здравјето на луѓето и да имаат негативно влијание врз земјоделството и рибната индустрија. За долгорочен економски просперитет, потребно е ублажување и прилагодување на климатските промени, што зависи од трансформацијата на економските активности во „климатски поповолни“ односно „јаглеродно неутрални“. Со примена на акредитирани тестирања, мерења, и услуги за верификација и валидација се зајакнува глобалната реакција на заканата од климатските промени бидејќи овие услуги играат централна улога во програмите за енергетска ефикасност, производството на енергија од обновливи извори и јавните политики како што е ценењето на јаглеродот, финансирањето развојни проекти со ниско ниво на јаглерод и интензивирање на унапредувањето решенија со ниско ниво на јаглерод и шемите за намалување на јаглеродните емисии како што е ICAO CORSIA.

За да се остварат целите за климатските промени, организациите треба да воспостават ефективни и ефикасни процеси. Исто така, важно е да постојат споредливи и проверливи податоци за поткрепа на тврдењата поврзани со емисиите и за да може истите независно да се проверат. Акредитацијата може да потврди дека ТОС се непристрасни, технички компетентни и во согласност со релевантните стандарди како ISO 14065 *Општи принципи и барања за телата за валидација и верификација на информации за животна средина* и ISO/IEC 17029 Оцена на сообразност — *Општи принципи и барања за телата за валидација и верификација.* ISO 50001 *Системи за менаџмент со енергија - Барања со упатство за користење е уште еден стандард* што игра клучна улога во спречувањето деградација на животната средина бидејќи многу организации воведуваат системи за управување со енергија со цел да ја намалат својата потрошувачка на енергија, да ја зголемат енергетската ефикасност и да го оптимизираат севкупното користење на енергијата. Овие мерки имаат придобивки за вложените трошоци и го подобруваат еколошкиот учинок.

И оптималното користење на обновливи извори на енергија е исклучително значајно за намалување на севкупните емисии и постигнување на целите на нула нето емисии. Услугите за акредитирана оцена на сообразност може да одиграат важна улога во зелената енергија, на пример, при сертификацијата на растенија за производство на регенеративна енергија, инспекцијата на ветерни и соларни електрани и сертификацијата на офшор ветерни фарми. Акредитираните лаборатории за тестирање подготвуваат стручни мислења за приносите од ветерот или проекциите за сенка и бучава на локациите предвидени за нови ветерни турбини. На тој начин, акредитираните услуги придонесуваат за унапредување на зелената енергија на пазарот и побезбедно работење на централите за производство на регенеративна енергија.

CORSIA

Системот за пренамена и намалување на јаглеродот за меѓународното воздухопловство (CORSIA) претставува глобално воспоставена шема од страна на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO).

Според извештајот од шестата оцена на Меѓувладиниот панел за климатски промени (IPCC) на ООН, воздухопловството придонело за 2,76% од вкупните емисии на јаглерод во светот во 2019 година и се проценува дека оваа бројка драстично ќе расте во иднина. CORSIA се воведе како одговор на две амбициозни цели усвоени од Собранието на ICAO во 2010 година: подобрување на енергетската ефикасност за 2% годишно до 2050 година и постигнување јаглеродно неутрален раст од 2020 година па натаму.

Системот CORSIA има за цел да се справи со влијанието на воздухопловството врз климатските промени така што ќе ги обврзе воздухопловните оператори да исполнат две клучни обврски, и тоа: спроведување систем за следење, известување и верификација (СИВ) на своите годишни емисии на CO2 од 2019 година и пренамена на своите емисии на CO2 од 2021 година. Пренамена на јаглерод се врши со купување единици емисии издадени од програмите за стакленички гасови одобрени од ICAO. Операторите може да ја намалат потребата за пренамена за емисиите и со користење квалификувани горива на CORSIA. Програмата CORSIA е усогласена со агендата за одржлив развој на ОН, а со спроведување на CORSIA, воздухопловната индустрија има за цел да ги поддржи климатските активности во обид да се постигне економска одржливост.

Независните тела за верификација акредитирани според ISO 14065 се од суштинско значење за веродостојно известување за емисиите на CO2. На пример, Мексиканското тело за акредитација, EMA, соработува со Федералната агенција за цивилно воздухопловство на Министерството за комуникации и транспорт, Националната комора за воздушен транспорт (CANAERO) и Меѓународното здружение за воздушен сообраќај (IATA) за развој и унапредување на CORSIA.

На форумот на ICAO за CORSIA во 2021 година, Органот за цивилно воздухопловство на Кенија (KCAA) говореше за предизвиците и поуките извлечени од нивното спроведување на системот CORSIA, со нагласок на соработката. Службата за акредитација на Кенија развива шема врз основа на ISO/IEC 17029 за да им помогне на организациите како KCAA да се усогласат со барањата.

Во Шпанија, Директоратот за енергија на шпанските национални пазари и Комисијата за конкурентност (CNMC) соработува со Телото за акредитација на Шпанија, ENAC, на воспоставување шема на акредитација за инспекција на условите за енергетска ефикасност на когенеративните централи врз основа на стандардот UNE EN-ISO/IEC 17020. Оваа шема бара од когенеративните централи да доставаат сертификат издаден од признаено, независно, тело за инспекција, што ќе ја потврди ефикасноста на централата. Откако ќе се постигнат минималните вредности за енергетска ефикасност, централата добива надомест.

Телото за акредитација на Обединетото Кралство (UKAS) го поддржа развојот за Шеми за сертификација на микропроизводство (MCS) во 2006 година.

UKAS ја акредитира шемата и телата за тестирање и инспекција кои испитуваат постројки за соларна, ветерна и енергија од бранови. Акредитацијата на MCS им гарантира на крајните корисници дека производите од обновлива енергија се соодветни за целите и дека лицата кои вршат инсталација се стручно оспособени. Исто така, независната верификација и тестирањето на системите на обновливи енергии им помагаат да го реализираат својот потенцијал, при што овозможуваат на пазарот да стигнат иновативни и потенцијално поефективни технологии.

Оттука, јасно е дека во борбата против климатските промени, акредитацијата и акредитираните услуги играат важна примарна и секундарна улога – за индустриите и мерките на политиките да ги намалат и пренаменат јаглеродните емисии.

АКРЕДИТАЦИЈАТА ЈА ПОДДРЖУВА ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА

За да се намали влијанието на економските активности врз животната средина и да се поддржи долгорочниот економски раст, земјите во светот преминуваат од линеарна на циркуларна економија. Циркуларната економија е економски модел според кој што производството и економијата не ја компромитираат животната средина, бидејќи се фокусира на обновување, повторно користење, повторна изработка и рециклирање, со што се намалува создавањето отпад и трошењето ресурси.

Предности на циркуларната економија:

- Ги зема предвид економските, социјалните и еколошките аспекти во рамките на одржлив животен циклус на производите.
- Поттикнува нови деловни модели и деловни услуги.
- Ги намалува емисиите, ја минимизира потрошувачката на природни ресурси и создавањето отпад.
- Ги намалува производствените трошоци бидејќи отпадот може да се врати во процесот на производство и/или да се користи за генерирање приходи од неговата продажба како суровина за други процеси на производство.
- Обезбедува социјални придобивки бидејќи овозможува поголема свест за климатските промени и навиките на потрошувачите, остварувајќи рамнотежа помеѓу економијата и животната средина.
- Повторното користење на локалните ресурси може да доведе до помала зависност од увезени суровини.
- Го подобрува брендот на организацијата бидејќи во управувањето со отпадот се променуваат мерки кои се поволни за животната средина.

Акредитираната оцена на сообразност може да придонесе за следење и спроведување на принципите на циркуларната економија.

Во една регулатива на Европската унија за рециклирање бродови се наведува дека независните тела за верификација треба да бидат акредитирани како инспекциски тела согласно ISO/IEC 17020 *Оцена на сообразност — Општи критериуми за работа на различни типови тела што вршат инспекција*, со цел да се намалат негативните влијанија поврзани со рециклирањето бродови под знамињата на земјите членки на Европската Унија. Верификацијата спроведена од надлежни тела му влева доверба на регулаторот дека работата се врши ефективно.

Одржливоста, економичноста и акредитацијата играат важна улога во работата на Агенцијата за заштита на животната средина на САД (EPA). Основана во јули 1970 година, EPA има за цел да го заштити здравјето на луѓето и животната средина преку донесување стандарди и закони, како и програми за поддршка на енергетската ефикасност, грижа за животната средина, одржлив раст, квалитет на воздухот и водата и спречување на загадувањето.

Два примери на програми на EPA што ја поддржуваат одржливоста се:

- WaterSense®, иницијатива за штедење вода и
- EnergyStar®, иницијатива за штедење енергија.

И за двете програми е потребна акредитација за верификација на компетентноста на организациите што ги тестираат и сертифицираат производите квалификувани за WaterSense и EnergyStar.

IBM, која има акредитирана сертификација согласно ISO 14001, со што собра и преработи повеќе од 1 милион килограми искористени ИТ производи ширум светот помеѓу 1995 и 2014 година. Скоро 97% од количините преработени во текот на 2014 година беа повторно искористени продадени или рециклирани.

Проектот за инфраструктура за квалитет за циркуларна економија - QI4CE што го спроведуваат организацијата Инфраструктурата за квалитет на Америка, Организацијата на американските држави и Националниот метролошки институт на Германија од 2020 до 2023 година има за цел да ја зајакне компетентноста на инфраструктурата за кавлитет во Латинска Америка и Карибите, како поддршка на циркуларната економија. Услугите на инфраструктурата за квалитет се од суштинско значење за истражување нови материјали, производи и технологии и утврдување на влијанијата од производството и потрошувачката врз животната средина. Со проектот се врши промоција и надзор над соработката и вмрежувањет о меѓу чинителите на инфраструктурата за квалитет и циркуларната економија.

Како што расте интересот за принципите на циркуларната економија и сè поголем број на потрошувачи бараат еколошки здрави, етички произведени производи и услуги, докажувањето на одржливоста станува сè повредно за организациите.

Акредитираната валидација и верификација на етичките заложби може да влее сигурност дека на заложбите може да им се верува. Во Италија, UNI и ACCREDIA ги објавија “Prassi di Riferimento” UNI/PdR 102:2021 Етички заложби за одговорност за одржлив развој – насоки за примена на UNI ISO/TS 17033:2020, со кои се идентификуваат елементите кои организацијата треба да ги има предвид при давањето етичка заложба за одговорност за одржлив развој.

Постои голема можност за вложување во компании кои усвојуваат вакви практики и иновираат со цел намалување на влијанијата врз животната средина, инаку познати како социјално одговорни инвестиции (SRI).

Во Франција, јавните органи ги поттикнуваат компаниите да ги интегрираат критериумите поврзани со животната средина, социјалните аспекти и управувањето во своите политики, а луѓето да ги инвестираат своите заштеди во поетички, социјално одговорни инвестиции поволни за животната средина. Оцената на сообразност акредитирана според Cofrac ја поддржуваа оваа практика со тоа што ги оценува и верификува заложбите на овие компании. На компаниите потоа им се издава етикета која на потрошувачите им влева сигурност во однос на заложбите за животната средина, социјалните аспекти и управувањето.

Економиите ширум светот се обединети во поглед на целите за заштита на животната средина. Обединетите Нации, регулаторите, стручните здруженија и индустриите развиваат планови за остварување на овие цели. Денес, неопходно е одговорно да се управува со активностите кои ја зачувуваат животната средина, водат до раст на економијата и ја унапредат добросостојбата на луѓето. Акредитацијата на услугите на оцена на сообразност од трети лица може да помогне да се обезбеди потребната усогласеност на производите, услугите и системите за создавање одржлив систем за милијарди луѓе во целиот свет, притоа поддржувајќи одржлива, здрава животна средина.



АКРЕДИТАЦИЈА: ОДРЖЛИВОСТ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

PUBLIC SECTOR ASSURANCE

publicsectorassurance.org

BUSINESS BENEFITS

Evidence. Impact.Value.

business-beneÿts.org

СЕКРЕТАРИЈАТ НА ILAC

Телефон: +612 9736 8374
Е-пошта: ilac@nata.com.au
Веб страна: www.ilac.org

@ILAC_Official

www.ILAC.org

IAFandILAC

СЕКРЕТАРИЈАТ НА IAF

Телефон: +1 (613) 454 8159
Е-пошта: iaf@iaf.nu
Веб страна: www.iaf.nu

international-accreditation-forum-inc

@IAF_Global

www.IAF.nu

ИАРМ

Телефон: ++389 2 3293 080
Е-пошта: info@iarm.gov.mk
Веб страна: www.iarm.gov.mk

Кеј Димитар Влахов бр. 4,
зграда 2, спрат 3
Скопје 1000, Р. С. Македонија